


## imagePROGRAF GP-4600S

# ПРЕЦИЗНА ПАЛЕТА НА БОИ ШТО СОЗДАВА СОВРШЕНСТВО

**Револуција во печатењето врвни постери за ланци на продавници и претпријатија, како и за компании што нудат услуги за печатење, со одржлив печатач за големи формати до 44" - спој од прецизни и живописни бои. Откријте неверојатен спектар на бои со прецизноста на PANTONE™[1], благодарение на новите иновативни мастила LUCIA PRO II[3], а особено портокаловото мастило. Добијте одржлива продуктивност без отстапки во квалитетот на сликата и долготрајноста.**

- **Професионален квалитет на слика**
  Зачекорете во свет на живописни деловни бои што воодушевуваат, збогатени со поголема густина на црната боја што создава поголема длабочина во вашите големи постери. imagePROGRAF GP-4600S не нуди само извонредно мастило, туку и максимална прецизност на боите, совршена градација на боите и широка покриеност на PANTONE™[2]

- **Зголемена издржливост**
  Чувајте ги вашите големи постери 200 години[4] со поголема отпорност на избледување при изложеност на светлина, благодарение на мастилата со голема отпорност на светлина. Зголемете ја издржливоста на сликите со помош на мастилата што имаат голема отпорност на гребење и овозможуваат вашите отпечатени материјали да траат доживотно.

- **Зголемена продуктивност**
  Подобрете ги работните процеси за печатење со полесно ракување со медиумите и едноставни поставки. Зголемете ја ефикасноста со два ваљаци, автоматско снабдување со медиуми и практична внатрешна LED-светилка, и користете ја функцијата за следење на главата за печатење што спречува намалување на квалитетот на сликите

- **Подобрена одржливост**
  Заштитете ја животната средина со трошење помалку енергија кога го користите уредот и кога уредот е исклучен. Има ознака EPEAT Gold[5] и неговото пакување содржи 89,5% помалку стиропор

[1]PANTONE™ е заштитен знак или регистриран заштитен знак на Pantone LLC.

[2]Стапката на покриеност на палетата на бои PANTONE FORMULA GUIDE за обложени медиуми е 96% кај GP-6600S/4600S/2600S, при користење Premium Semi-Glossy Paper 2 со драјвер за печатачи imagePROGRAF и избрани опции [Високо] [Исклучена корекција на бои]; стапката на покриеност е 82% при користење Heavyweight Coated Paper HG со драјвер за печатачи imagePROGRAF и избрани опции [Високо] [Исклучена корекција на бои]

[3]Пет од седумте мастила се новосоздадени. Мастилата во мат црна и портокалова боја се истите мастила што се користат кај imagePROGRAF GP-2000/4000.

[4]При користење на Canon Heavyweight Coated Paper HG од 145 gsm. Предвидената вредност е пресметана во согласност со методот за тестирање на отпорноста на внатрешна светлина и критериумите за проценка на работниот век што се дел од методот за проценка на зачувување на отпечатените дигитални фотографии во боја (JEITA CP-3901B) објавени од JEITA (Japan Electronics and Information Technology Industries Association).

[5]Ознаката EPEAT Gold е регистрирана во САД.

Canon

# ТЕХНИЧКИ СПЕЦИФИКАЦИИ

# imagePROGRAF GP-4600S

| ТЕХНОЛОГИЈА ЗА ПЕЧАТАЧИ | |
|---|---|
| Вид на печатач | 7 бои 44" |
| Технологија за печатење | Bubblejet on Demand со 12 бои од интегриран тип од Canon (12 чипови по глава на печатач x 1 глава на печатач) |
| Резолуција на печатење | 2.400 x 1.200 dpi |
| Број на млазници | 18.432 млазници<br>(MBK/C/M/Y/O: 1536 млазници x2, PBK/GY: 1536 млазници x1) |
| Прецизност на линиите | ±0,1% или помалку<br>Потребни се прилагодувања од корисникот. Медиумите и опкружувањето за печатење мора да одговараат на тие што се користат за прилагодувањата. |
| Растојание помеѓу млазниците | 600 dpi x 2 вклучува откривање на неактивни млазници и систем за компензација |
| Големина на капка мастило | минимум 4 pl по боја |
| Капацитет за мастило | Вклучено почетно мастило: 2310 ml (330 ml за секоја боја)<br>Продажно мастило: 160 ml / 330 ml / 700 ml |
| Тип на мастило | Мастила со пигмент: 7 бои<br>(мат црна, црна за фотографии, цијан, магента, жолта, сива, портокалова) |
| Компатибилност со оперативни системи | 32 бита: Windows 7, Windows 8.1, Windows 10<br>64 бита: Windows 7, Windows 8.1, Windows 10, Windows 11, Windows Server 2008R2, 2012, 2012R2, 2016, 2019, 2022<br>Apple Macintosh: macOS 10.15.7 - macOS 13 |
| Други поддржани протоколи за испраќање задачи | Apple AirPrint |
| Јазици на печатачот | PDF (вер. 1.7), JPEG (вер. JFIF 1.02) |
| Стандардни интерфејси | Приклучок USB A: (директно печатење од) USB-мемориски уред за PDF-датотеки/JPEG-датотеки<br>Приклучок USB B: Hi-Speed USB<br>Етернет: IEEE802.3ab (1000base-T), IEEE802.3u (100BASE-TX)/ IEEE802.3 (10BASE-T)<br>Безжичен LAN[1]: IEEE802.11n/IEEE802.11g/IEEE802.11b |

| МЕМОРИЈА | |
|---|---|
| Стандардна меморија | 3 GB<br>Отвор за проширување: нема |
| Хард диск | 500 GB (шифриран HDD) |

| БРЗИНА НА ПЕЧАТЕЊЕ | |
|---|---|
| | Обична хартија (A0)<br>0:48 (ниво 5)<br>Обложена хартија (A0)<br>1:24 (брзо)<br>2:24 (стандардно)<br>Сјајна фото-хартија (A0)<br>2:56 (брзо)<br>4:44 (стандардно) |

| УПРАВУВАЊЕ СО МЕДИУМИ | |
|---|---|
| Снабдување и исфрлување медиуми | Хартија за горен валјак: една ролна, полнење од горна страна, излез од предна страна<br>Хартија за долен валјак: една ролна, полнење од предна страна, излез од предна страна<br>Сечена хартија: полнење од горната страна, излез од предна страна<br>(Рачно полнење со помош на рачката за заклучување на медиуми) |
| Ширина на медиуми | Хартија во ролна: 152,4 - 1118 mm<br>Сечена хартија: 152,4 - 1118 mm |
| Дебелина на медиуми | Хартија во ролна/сечена хартија: 0,07 - 0,8 mm |
| Минимална должина на која може да се печати | Хартија во ролна: 101,6 mm (хартија и платно: 200 mm)<br>Сечена хартија: 203,2 mm |
| Максимална должина на која може да се печати | Хартија во ролна: 18 m (се менува во зависност од оперативниот систем и апликацијата)<br>Сечена хартија: 1,6 m |
| Максимален дијаметар на медиуми со ролна | 170 mm |
| Големина на јадро на медиуми | Внатрешен дијаметар на јадро на ролна: 2"/3" |
| Препорачана површина за маргини | Хартија во ролна: горе: 20 mm, долу: 3 mm, странично: 3 mm<br>Сечена хартија: горе: 20 mm, долу: 20 mm, странично: 3 mm |
| Површина на маргини врз која може да се печати | Хартија во ролна: горе: 3 mm, долу: 3 mm, странично: 3 mm<br>Хартија во ролна (без рабови): горе: 0 mm, долу: 0 mm, странично: 0 mm<br>Сечена хартија: горе: 3 mm, долу: 12,7 mm, странично: 3 mm |
| Капацитет за снабдување со медиуми | Хартија во ролна: две ролни. Можно е автоматско менување<br>Хартија во ролна, сечена хартија: можно е рачно менување<br>Сечена хартија: 1 лист |
| Единица со валјак за земање медиуми | Единицата со валјак за земање медиуми во две насоки овозможува површината за печатење да се витка навнатре или нанадвор во однос на валјакот |
| Ширина на печатење без рабови (само ролна) | [Препорачано] 515 mm (JIS B2), 728 mm (JIS B1), 1030 mm (JIS B0), 594 mm (ISO A1), 841 mm (ISO A0), 10", 14", 17", 24", 36", 42", 44"<br>[Површина врз која може да се печати] 257 mm (JIS B4), 297 mm (ISO A3), 329 mm (ISO A3+), 364 mm (JIS B3/B4), 420 mm (ISO A2), 6", 8", 12", 15", 16", 18", 20", 22", 30", 34", 300 mm, 500 mm, 600 mm, 800 mm, 1000 mm<br>Освен горенаведените, печатење без рабови со слободна големина е поддржано само на хартија во ролна според корисничките дефиниции |
| Максимален број на отпечатени материјали | Стандардна положба: 1 лист<br>Рамна положба: A2 во хоризонтална положба, сјајна хартија помалку од 10 листа, обложена хартија помалку од 20 листови (освен во услови на премногу завиткана хартија) |

| ПОТРЕБНИ УСЛОВИ ЗА РАБОТА И НАПОЈУВАЊЕ | |
|---|---|
| Напојување | AC 100-240 V (50-60 Hz) |
| Потрошувачка на енергија | При работа: 94 W или помалку<br>Режим на мирување: 2,2 W или помалку<br>Зададено поставено време за активирање на режимот на мирување: прибл. 5 минути<br>Исклучено напојување: 0,1 W или помалку |
| Работни услови | Температура: 15-30°C, Влажност: 10-80% RH (без кондензација) |
| Акустичен шум (моќ/притисок) | При работа: прибл. 49 dB(A) (измерено врз основа на сјајна фотохартија HG ISO7779/стандарден режим/42")<br>Режим на подготвеност: 35 dB(A) или помалку<br>При работа: 6,6 бели или помалку (измерено врз основа на сјајна фотохартија HG ISO7779/стандарден режим/42") |
| Регулативи | Ознака CE, ознака UKCA |
| Сертификати за животната средина | Сертификат CB, EPEAT GOLD[2] |

| ДИМЕНЗИИ И ТЕЖИНА | |
|---|---|
| Надворешни димензии и тежина | Ш x Д x В<br>Главен уред + држач<br>1593×984×1168 mm (отворена корпа)<br>1593×766×1168 mm (затворена корпа)<br>122 kg (со вклучен комплет со држач за валјаци, без мастило и глава за печатење) |
| Димензии и тежина на пакетот | Печатач (главен уред со палета): 1820 x 915 x 1042 mm, 181 kg<br>Валјак: 1727 x 562 x 461 mm, 33 kg |

| ШТО СЕ ИСПОРАЧУВА | |
|---|---|
| Што содржи кутијата? | Печатач, држач за печатач, 1 глава за печатење, кабел за напојување, 1 комплет резервоари за мастило за почеток, водич за инсталација, леток за безбедност/стандарди за животната средина, лист со адреса на LFP Eur, лист со важни податоци, водич за поставување на држач со полици за печатач, известување за PosterArtist WEB |
| Испорачан софтвер | Софтвер што може да се преземе од интернет |

| ОПЦИИ | |
|---|---|
| Изборни елементи | Држач за валјаци од 2"/3": RH2-46<br>Валјак: RU-43 |

| ПОТРОШНИ МАТЕРИЈАЛИ | |
|---|---|
| Елементи кои може да ги замени корисникот | Резервоар за мастило: MBK/портокалова боја: PFI-2100 (160 ml)/PFI-2300 (330 ml)/ PFI-2700 (700 ml)<br>Други бои: PFI-3100 (160 ml)/ PFI-3300(330 ml) /PFI-3700 (700 ml)<br>Глава за печатење: PF-10<br>Сечило за сечење: CT-07<br>Картриџ за одржување: MC-30 |

[1]Погледнете во упатството за користење за да дознаете како да го активирате/ деактивирате безжичниот LAN
[2]Ознаката EPEAT Gold е регистрирана во САД.

**Одрекување од одговорност**

Некои слики се симулираат за појасна репродукција. Сите податоци се засноваат на стандардните методи за тестирање на Canon. Овој леток и спецификациите за производот се создадени пред датумот на промовирање на производот. Конечните спецификации подлежат на промена без претходно известување.™ и ®: сите имиња на компании и/или на производи се заштитни знаци и/или регистрирани заштитни знаци на нивните производители на нивните пазари и/или во нивните земји.

Canon ви препорачува да користите медиуми на Canon за најдобри резултати. Ве молиме погледнете ја листата со компатибилни медиуми (хартија) за да видите кои видови на хартија/медиуми се препорачуваат.

FINE Full-photolithography Inkjet Nozzle Engineering
L-COA PRO
PosterArtist
LUCIA PRO II ink

Canon

**Canon Inc.**
canon.com

**Canon Europe**
canon-europe.com

Macedonian edition
© Canon Europa N.V., 2024